Велес, мај 2021

# ПРЕДЛОГ -КОНЦЕПТ

## За основање на Младински Центар во Велес



Во рамките на иницијативата „ Млади за Велес“

# Содржина


- Контекст 2
- Состојба во Велес 2
- Предуслови за формирање на МЦ 5
- Потребни стандарди за МЦ 6
- Потреби на младите 7
- Предлог активности 10
- Препораки 12

# Контекст

Во јануари 2020 година за првпат во Северна Македонија беше донесен Законот за младинско учество и младински политики, во кој за прв пат се дефинираа младинските центри како еден од видовите сервиси за млади. Со донесувањето на овој закон беше воведена и обврска **за сите општини (вклучително и Општина Велес)** да овозможат функционирање на **најмалку еден младински центар** во рок од 5 години од донесувањето на законот.

Во законот се утврдува статусот на она што се нарекува „младинска организација“ , организација на млади и чадор организација, како и поимите за младинска работа, младиснко учество и младински работници. Со овој закон како една од формите за сервисит за млади е воведен и терминот Младински центар.

# Состојба во Велес

Во однос на Општина Велес направени се одредени конкретни чекори во однос на младинските политики:

**Соработка со НВО секторот**: Бројот на НВО здруженијата кои работат во сферата на младинската работа и младинското учество има потреба од зголемување и на ова треба поинтензивно да се работи и во идниот период. Во моментов постои само една регистрирана „младинска организација“ Извиднички одред Димитар Влахов (Согласно објавениот повик на АМС за регистрација) а во процес на добивање на статус организација за млади е уште една НВО (Фондација Фокус). Постои и ЗГ НВО Активо, Центар за активни граѓани која најави дека наскоро ќе ја започне регистрацијата како организација на млади. Тековните активности за финансиска и друг вид на поддршка на младите и здруженијата на граѓани се предвидени во годишните програми за работа на Општина Велес (Програма за поддршка на младите, Програма за поддршка на граѓанскјиот сектор). На официјалната интернет страница на Општина Велес (www.veles.gov.mk), како и на социјалните

медиуми, општината ги објавува Јавните повици / конкурси за финансирање проекти од Програмите за активностите на Општина Велес за секоја следна година, по претходно организирана Јавна расправа.

По пристигнувањето на предлозите од страна на поединци, Здруженија на граѓани, спортски клубови и сојузи, Општина Велес ги креира Програмите за активности на општината во обласите: култура, НВО, социјална заштита, млади и спорт. Селекцијата за избор на пристигнати проектни пријави ја врши Комисија за распределба на средства, согласно објавата за прибирање предлози за креирање на Програмите за активностите на Општина Велес за тековната година. Согласно Статутот на Општина Велес, Комисијата е формирана по предлог на градоначалникот на Општина Велес. Комисијата ги селектира и квалификува пристигнатите проектни пријави согласно Јавната објава и критериумите за прибирање предлози за креирање на програмите за активностите на Општина Велес.

Градоначалникот на Општина Велес е еден од првите градоначалници кои формираа Локален граѓански Совет. Досега се имаат одржано неколку средби особено во насока на развојот на некои стратешки докуенти на општината (Планн за одржива урбана мобилност, Стратегија за паметен град Велес и сл). Генерално ткивото на НВО секторот во Велес во последните години е ослабено, речиси не постојат НВО со тој обем како пред некои 15 тина години. Потребна е почеста координација и комуникација на ова тело околу политиките во однос на граѓанскиот сектор.

**Локални младински совети** : Со цел да им се овозможи учество на младите во процесот на донесување на одлуки на локално ниво, Советот на Ошштина Велес, на седница одржана на 25 декември 2014 година, донесе Одлука за основање на Совет на млади на Општина Велес.

Досегашниот состав на Советот на млади на Општина Велес е утврден со Решение според кој се именувани девет (9) членови, од најразлични организации, во Совет на млади на Општина Велес, на возраст од петнаесет (15) до триесет (30) години.

Со донесувањето на новиот Закон за младинско учество и младински политики и поради направените измени во дел од членовите од истиот, Општина Велес **во моментов го спроведува процесот на усогласување на Статутот на општината со промените од Законот,** односно одредбите кои се

однесуваат на функционирањето на локалниот Совет на млади во Општина Велес.

Неодамна Општина Велес ги направи потребните формално - правни подготовки, односно усогласувања на Статутот на Општина Велес со усвојување на Одлуката за промена на Статутот на Општина Велес.Процедурата за формирање на локалниот Совет на млади при Општина Велес продолжува да се спроведува во наредниот период по веќе усвоената Одлука за промена на Статутот на Општина Велес. Активната вклученост на младите од Општина Велес е од суштинско значење за младинската работа. Токму затоа се преземаат активности кои се во корист на младите, а ќе придонесат за нивниот развој и активното вклучување во процесот на донесување на политики.

**Локална стратегија за млади:** Со Одлука на Советот на Општина Велес во 2016 година донесе Одлука за усвојување на Локална стратегија за млади на Општина Велес 2017 – 2021 година Во истата носител е Советот на млади, но со оглед дека тој не функционираше многу малки е направено по ова прашање (имплеемнтација на навеените активности во Стратегијата)

**Канцеларија за млади**: Во ноември 2020 година, Општина Велес, оформи Канцеларија за млади, која како Сервис за млади е во постојан контакт и достапна за потребите на младите луѓе во Општина Велес. Таа претставува примарна точка за пристап на младите на локално ниво. Општина Велес назначи лице вработено во Општина Велес, во Одделението за јавни дејности, задолжено за контакт и комуникација со млади, здруженија на граѓани, како и за водењето и следењето на работењето на Локалниот Совет на млади.

**Младински центар:** Општината веќе подолго време планира отварање на Младински Центар. Општина Велес ги има отпочнато регулативите за усогласување и отпочнување на имплементација на истите во согласност со статутарните одредби од Статутот на Општина Велес.Агенцијата за млади и спорт во рамките на свој проект во партнерски однос со 4 општини (потпишан Меморандум за соработка) меѓу кои и Велес одлучи да се формираат Младински центри. При тоа Општина Велес беше задолжена да изврши реконструкција и адаптиррање на просторот и да вработи лице а Агенцијата за млади и спорт имаше обврска да набави техничка опрема и мебел согласно проект на Општина Велес кој претходно бее аплициран за странски донатори.

Општина Велес е една од првите четири општини во државата во кои се отвораат Младински центри (предвидени и дефинирани во Законот за младинско учество и младински политики)., Општина Велес од јануари 2021 година започна со процесот на правно-формално спроведување и усогласување на постапките за формирање на Младински центар во Велес, водени според *Правилникот за Стандарди за квалитет на Младинските центри,* подготвен од страна на членките на Сојузот за младинска работа.

Постапката за определување на простор каде ќе функционира Центарот е завршена како и постапката за набавување и донесување на техничка опрема и канцелариски мебел и истите ќе бидат ставени во функција на крајот од овој месец. Уште во 2020 година, Општина Велес обезбеди простор каде ќе функционира Центарот, а тоа е зградата на Локалната библиотека „Гоце Делчев" во Велес (три простории, вкупна површина околу 66 м2). Подготовките за фарбање на ѕидовите во просториите се започнати и се очекува истите да бидат завршени во текот на овој месец.

Првиот дел од канцеларискиот мебел е веќе пристигнат во просториите предвидени за користење на Центарот, а во зависност од динамиката на активности на Агенцијата за млади и спорт, останатиот дел од мебелот, како и техничката опрема, најавено е да пристигнат многу наскоро.

Иницијативата за формирање на Младински центар во Велес потекна од Општина Велес, а процесот се води во координација со Агенцијата за млади и спорт и Сојузот за младинска работа.

## Предуслови за функционирање На Младински Центар

Центарот треба да е основан од Единицата за локална самоуправа. Со јавен повик ЕЛС избира граѓанска организација (младинска организација или организација на млади) која ќе раководи со Центарот во период од 3 до 5 години.Организациите кои се апликанти за раководење и управување со МЦ (и кои треба да се во Регистарот на АМС) треба да поднесат предлог годишна

програма, предлог буџет и портфолио за организацијата. Предност при изборот се дава на организации кои постојат повеќе од 3 години. Организацијата која е избрана доставува извештај до ЕЛС и план програма за следната година.

Без разлика на формата, Центарот во Велес *треба да се стекне со одредена Етикета за квалитет (Quality Label)* која би ги одредила Меѓусекторската група за младинска работа  при АМС.

За да функционира Центарот потребни се минимум услови. Единицата на локална самоуправа потребно е да обезбеди:

- Соодветен простор, во согласност со овие стандарди и расположливите ресурси
- Режиски трошоци за работа на центарот
- Минимум мебел и техничка опрема, во согласност со програмата на работа на младинскиот центар
- Минимум материјали за програмски активности, во согласност со програмата за работа на Младинскиот центар
- Во првата година, најмалку едно лице- –координатор на Младинскиот центар, избрано по  предлог од сите здруженијата активни во обезбедување  на услуги на младинска работа на територијата на локалната самоуправа

-

# Потребни стандарди за Младински Центар

Во соработка со Сојузот за младинска работа која е чадор организација на организациите кои во фокусот ја имаат младинската работа , Агенцијата за спорт и млади по донесувањето на законот за младинска работа донесе Стандарди за квалитет на младинските центри кон кои треба да се придржува и новоотворениот Центар во Велес.

- Младинскиот центар треба да располага со безеден и пристапен и достапен простор за сите целни групи
- Младинскиот Центар треба да има соодветен стручен персонал
- Младинскиот Центар треба да одговара на потребите идентификувани од младите луѓе од Велес
- Младинскиот Центар треба активно да ги вклучува млади луѓе, младинските организации, организации на млади , сервиси за млади и неформални групу (дефинирани согласно Закон)
- Младинскиот Центар треба да го поддржува развојот н младинската работа, младинското учество и младински политики
- Треба да постојат соодветни транспаретни процедури за известување ндо локална самоуправа, млади и локална заедница
- Младинскиот центар треба да ги прифаќа различностите и треба да овозможи сигурна средина за дијалог меѓу младите.

Повеќе детали и  информации околу стандардите на Младинскиот центар може да се најдат на следниот линк

**http://smr.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Standardi.pdf**

## Потребите на младите

Во периодот од 1.4. до 30.4.2021  тимот на проектот *Млади за Велес* реализираше анкета помеѓу 101 испитаник од Велес (млади лица од 15 до 35 години) .Беа поставени 8 прашања кои беа анализирани од страна на проектниот тим.




Прашање бр. 1
На која возрасна група припаѓате ?


26-35 год.
31.3%
15-25 год.
68.7%


Прашање бр. 2
Вашиот статус е ?


50%
40%
30%
20%
10%
0%
12.5%
31.25%
43.75%
12.5%
Ученик во средно
Студент
Вработен
Невработен


Прашање бр. 3
Дали досега сте учествувале во организација на некој настан поврзан со млади ?


ДА - 81.25 %
НЕ - 18.75


Прашање бр. 4
Дали би се вклучиле во организација на некој настан поврзан со млади ?

ќ


81.25%
18.75%
























Резултатите покажаа дека младите луѓе имаат потреба од подобар културно забавен живот , а постои и потреба од основање на Младински центар и

потреба од креативно изразување на младите.Интересен е и фактот дека голем дел од нив би се вклучиле во активностите на Младинскиот Центар (но немаат доволно информации) што дава перспектива дека постои расположение меѓу младите за помош на МЦ.

## Предлог активности на Младинскиот Центар

Во рамките на двете средби оддржани во мај 2021 со претсавници на ЗГ од Велес беа дефинирани теми и предлог активности со кои би требало, а се во фокусот на работата на Младинскиот Центар во Велес. Беа дефинирани следните активности:



| |
|---|
| Едукација на млади за важноста на волонтерската активност и можноста за волонтерство |
| Турнири во различни спортови |
| Спортски настани со инклузија на лица со попречености |
| Младински спортови во центрите |
| Градење култура на здрав живот |
| Младинско логорување и живот во природа |
| Куглана |
| Игри без граници |
| Младински инфо точки |
| Редизајн на јавни површини |
| Јавно говорење за психичкото здравје(работилници и едукација) |
| Маалски еко акции |
| Младински собири на атрактивни места во градот(еко акции) |
| Планинарски еко акции |
| Промоција на хигиена во Ковид пандемија |
| Штандови за различен културен карактер |
| Едукација на младите за попреченостите |
| Иницијатива за хумани акции |
| Младинско самовработување преку младински рурален туризам |
| МОБА-Заедничка младинска самопомош во секоја ситуација.Под ова се подразбира формирање на група од организации во сферата на младите кои во секој момент ќе можат да си помагаат меѓу себе во однос на различни теми важни за градот, како на пример обезбедување волонтери и сл. |
| Назначување, или пак вработување на личност задолжена за младински активности |
| Формирање на Младински театар |
| Организација на  Филмски вечери и дискусии |
| Организација на Фестивали и концерти |
| Организација на рок концерт за млади |

# Препораки

- Земајќи ја во предвид реалната ситуација во Велес, се препорачува како правна форма на основање Младинскиот Центар да е основан од Општина Велес,  а Центарот да биде даден на управување на граѓанска организација **во рок од 3 години** (согласно стандардите за младинска работиа)
- Општината е потребно да обезбеди **минимум финансиски средстсва** во своите годишни програми од кои 50-70% треба да се покријат доставените програмски активности на организацијата  (Да се зголемат средствата во Програма за подршка на младите во Велес која се носи во две фази и која се донесува по одржана јавна расправа) за непречено одвивање на работата на Младинскиот Центар
- Би било крајно корисно,  доколку Младинскиот центар во Велес добие статус на **Регионален младински центар**. Во Законот за младинска работа е утврдено дека секоја општина треба да има Младински центар но ова е во моментов нереална естимација со оглед на бројот на жители, финансиската кондиција, капацитетите на некои мали и рурални општини. Кон Велес  природно гравитираат општините Чашка и Градско (и како општини произлезени се од Општина Велес и културолошки , историски, економски постојат многу поврзаности со Општина Велес). За таа цел потребно е во соработка со Агенцијата за млади и спорт да се дозволи овојпосебен  статус  на Велес и доколку е можно и соодветно да се финансира. Со тоа ќе се зголеми целната група , покриеноста, и пред се ќе се опфатат младите од рурална средина кои имаат намален пристап кон можности за младинско учество што е и **приоритет на сите европски стратешки документи во областа на младите**. Во спротивно , младите од овие помали општини на еден начин ќе бидат несвесно дискриминирани во однос на своите врсници од градовите и  ќе треба да чекаат „подобри времиња“.
- Се препорачува,  Општината  да ги делегира надлежностите на Младинскиот Центар  (можно е како варијанта согласно донесените Стандардите за младинска работ)

- Младинскиот Центар мора ,веднаш по неговото основање да премине кон постапка за добивање на **Quality Label од страна на Меѓусекторска група за младинска работа** при Агенција за млади и спорт, а врз основа на усвоени Национални стандарди за квалитет во младинската работа и донесениот Правилник за Стандарди за квалитет на младинските центри.Ова е особено важно и меѓу другото затоа што само Центри со добиена етикета за квалитет ќе добиваат финансиска подрршка за програмски активности од Агенцијата за спорт и млади.
- Координаторот на Младинскиот центар, избран по предлог од сите здруженија (без политички влијанија или субјективни преференци на поединци) потребно е да биде исклучиво со квалификациите наведени во Националното портфолио за младински работници. Истиот треба да се назначи со основањето на Центарот. Пожелно би било, Најдоцна втората година да се назначи и програмски менаџер и согласно можнстите и други вработени од административниот или програмски тим. Сите вработени задолжително треба да ги исполнуваат **<u>условите од донесеното Национално портофлио за младински работници</u>**.
- Со цел лукрирање на средства и поголема одржливост на Центарот лицето/лицата од МЦ **<u>мора да бидат соодветно обучени</u>** за начините на обезбедување средства преку соработка со постоечката бизнис заедница. Во Велес , во соработка со државни установи (како ПУЈК), и преку проекти финансирани од страна на домашни и меѓународни фондации. Средствата кои би ги обезбедила ЕЛС би биле можеби доволни за некоја минимална функционалност. Но Центарот треба да има пред се и развојни политики и финансиска самоодржливост на долгорочно ниво. Затоа се преорачува Единицата за локална самоуправа (канцеларијата за млади) во соработка со експерти од оваа област да изготви годишен каталог на обуки во пооделни теми: Какп до спонзорство, проектен циклус, пишување на проектни апликации (Project writing) , комуникациски и презентациски вештини и др. теми на кои задолжително ќе присуствуваат вработените во МЦ но и сите ЗГ. На овој начин ќе се подобри недостатокот на експертиза кои последните години е видлива меѓу здруженијата во Велес.

- Потребно е да се работи на зајакнување на принципот на **волонтерска работа помеѓу младите**. Свесноста и бенефитот од ова е на мошне ниско ниво кај младите во Велес. Тоа би се постигнало со тоа што МЦ би организирал предавања во основните и средните училишта на овие теми и на еден начин би ги поттикнувал младите да помагаат во работата на Младинскиот центар.
- Потребно е граѓанските организации во Велес кои работат во полето на младите да ја зајакнат соработката меѓу себе и да се вмрежат со цел да се постигнат подобри перформанси во однос на младинската работа и учество во Велес. Во таа насока и идејата за формирање на локална МОБА-Заедничка платформа за младинска самопомош во секоја ситуација на организациите кои работат во Велес би била позитивен исчекор. На овој начин сите чинители (организации, неформални групи и сл) ќе можат заеднички да се договараат за во однос на потешкотиите со кои се соочуваат (особено во поглед на ..позајмување“ или регрутирање на млади кадри при организирање на различни активности-што беше артикулирано како еден од главните проблеми на организациите во Велес).